Издава:
???

Библиотека:
???

Идејно решение за корица:
***Боро Петров***

Компјутерска обработка:
***Печатница „ГЕНЕКС“ - Кочани***

Печати:
***Печатница „ГЕНЕКС“ - Кочани***

CIP
???

# АПЕИРОН

- Стефан Марковски -

Скопје, 2010

# 1

# ЕНИГМА

(Оставштини на туѓите непознанства)

## I - Довици (Љубов)

Појдовноста на визиите споменски
Матрица на оние
Севселенски кротители на чувства
И бездруго
Свиснатата утроба на денот
Одроден од синилата што умртвиле со нив
Се најдоа
И се наоѓаат
Во загубата на призор
Делител на трепката што те најде
Во тој понор,
Таа синевина на блудот
Скриен.

Ко дни надречни стрмолеат
Ко клисури издлабени в ноќта
Го наѕираат овоземјето
Будно
В насушјата
Меѓу брегот на двете реки.

Усните мртво што ги внеле
Ко доживот да ги морат
Оние сеќавања
За она од срдта твоја
Од Бога осуденици
На вечност над твоите постојби.

И на усните...

Ах, чии ли само бладања
Ја навеле на вечни бегства
В црно пустиње на горежлив темјан
През тие
Окрвавени од јаства некогашни
Чистилишта на ум и совест непречистиви
Од свест ентелехиска проколнати
Од разум и битие осквернати?

Зарем раскажувам
За изблици некогашни
На глувила
Што ме приковаа до тебе
О, најмила !
Пуста прељубнице на ветерниве небеса !

Низ летот
Ти ја благотвориш мигновено
Солзата од божјиот плач...

Ја впиваш уморaта
Вткаена
Дур изодуваш
Стрмежи на туѓ богосвет.

Ти, чиј лет пренебрегнува
Мисли за воздејства
Со човековите
Трептиш со нас;
Смртниците за честа ангелска
Несфатно јурејќи те

Умртвени бдејачи се над телата свои
Кои ти припаѓаат.

Мноштво смрти надвиени в крајпатта
Каде просејуваш свестие
Ангелу на хаосот;
Многу крадливи зајдисонца
Судиш
Да те искусат
Да искушат дослуху патеписен
О, Чувство!
Премрен патнику низ телава...

Зар божествена мирудијо
Сетилава хулни го дробат
В прашини одвеани со самракот самотен
Телото
При чии утроби
Ги најде сал тишините крепливи за духот
Бесмртно виорен
Сред она што суди?

Придушно ко темјан
Пролетен дождец
В одѕвон на гласјето твое
Ѕуни од странава
На душата живот што вкусила в образине.
Гласјето – харфа на морски вал
Облекло штуро; полет роден в пратишини
Урнатите ѕидишта ги воздигна
Двоец возглавен при семоќи

Убиствен надвис какви наѕирот
Кон орхидеите в буќетот на семоќноно лице
Отвора,
Сликајќи ги вешто
Ко руменила свенати од призор
Лавиринти на подемот
И падовите
Никогаш в пресрет;
Постојни
Еден за друг.

## II - Поглед (Љубов)

Посегот
Ко кладенец на таги
Облиените лица ги втопил, сеќаваш,
- Тоа крвта претчувствила
Жрец жртвоносен олицетвори
В полусенката на тој недопир.

Тој, мисловно немил
В срца храбри од самотија
Ритуално обесчестив
Исцелително
Низ благослов безбитен
Благотвори...

Срце в бол што заоѓа
Трага по ѕвезда
Осамната на небесново распетие
Утрото што в дочек
За одраз сонет в низоблачја
Го мине смаглено над океанот.

Пешачиш,
Ги впиваш чекорите
Од реката што ја минав
Усмерен од ветрот
Телата твои кој ги беше развигорил
Низ погледиве...

Ти одекнуваат призвуци на некогашната

симфонија
Отпеана со последната жетва на полето
Низ кое допираш
До градиве
Спуштени на твојте водени дланки.

Твојот мртов титан
Бранител на грозомори
Од родов човечки стрм пустоловечки брег
Изгони в планињето
Каде градиве почиваат....

Оркестрално  беседничат и птиците
Кои зовривот на крвта една
Го дочекуваат со песнопој
Што ја раѓа пролетта
Меѓу погледите изродени во твојте мириси...
Оние мои...
Глорија, дочекај ги днива на нашето слепеење
Ко смрт на челуста здивеано што саѓите
На постоењето
Ги таложи на забите
Опаднати со последните капки
Стопени меѓу снеговите  во прегратка што те држи;
В немира
Соблазна на мирот – извориште
Разнеј ја ставата што ја предаде
Убоста на животот
Ко полумесечините беззабо што ја абат
Онаа светла страна на отсјајот темен

Вкрстен во делтата на овој свиок
Каде божественост еднаква на стихијот
Меѓу допиров наш
Не влеала
В преградка.

## III - Блад (Незнајни разлози)

Химната на сета љубов света
Свето одумрена в аурората на живово затишје
За примракта сукобено со плачот на розиве
Ко бесознание на приглув трубадур
Одекнува низ мнението на еден слад
Кој спојов
Сетилен,
Неусетно втонат
Го дочекувал на врвот од некогашна лавја канџа
Невовлечна во распараниот од себе
Некогашен пленик на ноќта
Пред себе.

Хатор презрено
Ко архедемон ја кори
Приземјишнава илузија
На погледов што ме дарил,
Некогашен,
Кон од свенато трње обраснатиот макадам
Копита кој не допрел
Животи наназад,
До праизворот,
До низречја пространи низочно голи
Голи погледи кои свиваат низ тој вир-искушение
-Животвор
Корита земјишни
Низ смртта вжештено кој вкрсти
Дента
Музиката на огнот штом ги полеа сетилана.

Таа,
Тој пресоздател на душава што искушува
природи
Ненадминливо струи низ жиливе
Оптегнати на мртвиве стебла
Храна што ги пламене
Одамна изгорениве шумолења низ етерот.

Индиго со сјај на дискот ноќе што лебди
Над спојот
Обединетите глави
В стрв што ги плени; семоќ нема,
Соголени ги втерало
В низоблачни патења
Со телесна што раѓа доблест
Видлива на тие небеса.

Сит за гладта страдна
Оскрбено сонам;
Мудрост плачевна
Ја ништи неукоста на духов радосен
Надвеан низетерно
Дур етерот бледне со празнината на ноќта.

Те имав, но ти замре и без изгор;
Опоен, на дожделивата Луна
Татка и
Да го притајат
В духов што некогаш те имал
-Прореквнав кога оној призор на телана самотни
Ја овоплоти постојноста.

## IV - За бесмртната храброст

Херојот кој своите победи
Над времево
Ги наѕре
В солзине
Низочно
Продолжи...

Патиштата
Кои го делеа морено на две
Ја спроведоа повтор
Меѓу сенките на ноќта
Смртно туѓа за она тело
Заклетватата на еден мртов
Патешественик
Кога истине сенки
Ги засени лажна аурора
Чии извори
Ги наоѓав в своиве очи.

Изгреви чија есенција руи будења
Новите универзуми
При видиците
Ги нижат
Низ времето
-Бесконечност в капки што наѕира мираж,
Бездејственост на постојби
Смекнати
Ко метаморфози

На туѓине принеси кон животот свој.
Патникот
Од зад златоликата аура
Приоѓа кон сплотта на овие надземни бдеења
Штуро обестелеснети над повикот
На надреденото кое в шепот призива.

## V - За карневалот на твојата еманација

Бесмртен извор на енергии
Еманира од невидливото
Твоето задочно
Од каде пристига
Ко спомен сред иднината што повикува
Сончевото тело на лојалноста кон тебе
Обоготворена
В нероденото
Твое.

Безоскеното средиште на Космосот
Вечноста ја топи в бескрај на незапирни
светлини;
Длабочината на бунарот без дно
Е мерлива
За погледот од каде извираат твоите наѕири,
Еден источен пат каде води
Без твоето следење.

Нуклеотидни секвенци од
Твојата DNA -
Распад на етерот што следи -
Бесформеност на мигот -
Меса што отелотворил бездушни
В блуд на месецот и мојава опсерваторија
Ко алки на неизбежното
Врзани за вечноста
Патуваат со дождот
Одвнатре.

Плаштови под движна спротивност
Те создаваат и ништат;
Трептат дните меѓу креациите на креацијата
Трепти логосот чиј сплет на смртна загатка си.

На енергија животворно впрегната
Новиот изгрев и залез
Неспознатно ја блудат в бездна
Еднонасочно
Наспрем течението.

Гледам
Бледнееш озарена
Во изворот на утрото
Во утробата хоризонти што раѓа
Во овенчаните од младост бесмртна
– камни над пустињето изваjани со небесен допир;
Сина птица го лови пристанот на едно езеро
Ветришта што го сниле
За неа.

Блудниот ѓердан – превез што ги затскрива раните на комедијата
Те држи под закрила на страд;
Неумолива
Ја кудиш секоја вистина прочистена од твоето невреме
Ко солзата што го држи оково
Под закрила нејзе туѓи.

Ритмот на тој тек од животот
Горејќи,
Ја допира в залезот на твојте очи
Празни во форма
В одраз безлични
Ко миракул слеаната душа
На појавите
Од моите будни сетила
Прелажани.

Телово – роб на моето
Интелигенции чиј присвој ја побудиле страста
твоја
Го краде ропството на вистинскиот господар;
В побуната
Заради безмилоста твоја
Гинам.

# 2

# ПАТОПИС

(Траги по прозорецот на сеќавањата)

**I – Градини**

Ползливи капки
Слевааат горка пот
Врз цветот на врбата
Чиј проник не зближи еднаш.

Тињата што ја наклевети
Твојата сродност со утрото
Ме зближи со барското
Синевило
Со зелена боја
Разболичено ко бесплодното нивје
Што ја роди смртта твоја.

Шареноликата месечина и ноќва ќе ползи
Над тоа небо
Штуро ко погледов без ехо
Раззеленет ко младост нема.
Босоного те барам крај разнишаните од мирисот
на самиот Бог
Сништа на дрвјето
Што го одгледав
Да те огрее
Самотна.

Ѕвездените волшепства
Помислите на раскрвавениот ѕвекот
Од твоите сонца и бестелесни месечини
Ги граничат илузииве
Со вистината на шумов.

Шумите на Бог
Ги минав низ поречје;
И кога гореа
И кога ветрот ги полеваше сјајнолик плашт од туѓи солзи
Белите месечини го наsреа живиот изгор во коритото
Трагач
Етерите на отсјај
На материја
Што ги овоплоти
В миг на незнајна вечност.

Поплавата од многулик китнеж
Ги впива дните ко меур
На жуборнава поточина;
Карневалите на новото раѓање
Ги оживеале предците
Што не споија в преграткa
Со мугрината...

Оргијастичен патеж в призвукот
На тишината
Чујна в глувиот спев
Се одзива на повиците кон него.
Ти ја оддаде последната трошка студенило
В замена за топол лебец
Благословено истинат
В огнените грла на вљубените
Чии задоволства од животот
Сеуште се слутат.

Ох, каде сме?

Мирудијо на оловните восклици
Рацеве што ги двојат од мириси на твоето раѓање
Горежлив, дождот в очиве го полеваш

## II – Живи соѕвездија

Врелост, потем
Ја помилува грациозната полет
Отсјајна в дотогашните утрински локви.
Усмртените облаци на зората
Се пронижуваат на туѓи неба;
Сончевиот околувратник
Разјарено ги одлева црвенилата
По грбовите на секоја пољана
Од каде водат чекорите на младост
Полутуѓа...
Мртви булки ја навестуваат преградката
Што неодделно се готви да не прокалеми
В ропство најслатко под телава
Од слобода раскрилени
В пустошта под лисјено од трепки
Што почива од сопствена рака.

Клучот на последната мисла
Секое попладне испарува;
Некаде в утробата на една немоќна мајка
Повтор се раѓа квечерински.

Ех крају!
Љубови на животот
Воскреснете ја барем
Мојава намера вдахната в туѓо тело
А во ваши раце
Да станеме почеток
И едно со судбината на вечното минато.

Пламенот што ја втерува снагата в непрестајни сништа
Молскавично те поаѓа
В ноќ жива од тебе...

Ти и јас
Ко ожесточени надсебни бдејачи
Судиме на Творецот
На творците на оние што ја провлекоа
Таа сага на безграничен немир
Покој за непријателот новороден.

Продолжувам
Следен од одеци на твоето име
Сплеткарено в застоени тела
На туѓите тишини в духов.

## III – Дождови

Инвазии од божественост
Што те раѓа
Повтор ја гонат оваа безначајна праматерија...

Водите в циклус
Зотичното го плукаат в лице на незадоволни ливаѓе
Хаосот одроден од миракулите на гробовите
Го трешти немарното в солзине
О, планино на сништа сонети в јаве лечно!
В тебе ритмот на мугрината
Последните чекори на тишината
Ги беше дал
Низ валсот на воздухот од нашиот бескрај туѓ.

При оваа органика на претсмртни творења
Ја наѕирам сопствената душа
Мртва од призорот
При огледалата
В очи,
Жива при темен одраз
Светулкав отсјај
Миракул на светоста
Телото што ти го облева
Обестелеснато
Ко зрно прав збрано
Од туѓо нивје
Трептежи космички
Ја вкусиле смртта своја.

В доцен залез на заборавот
Ја поимаме, истоветно
Над танката гранка на дрвото-раскажувач
Песнопојта на последните птичји лелеци.

Чунот во граорестото езеро над главиве
Се бори в густи магли
Прпелка низ сувите разбраздени нивје;
Ние
В омајно сведоштво за туѓи задгробја
Поплавени сме,
Потоп не раѓа од заробеното тело на Мајкава.
Сивилата бликаат ко невреме
Месецот ко галија ползи низ затишјето
Ловец на одеци од бесмртта.

## IV – Мртвила (Темен зенит)

Од небеса – темјан црни длабини
Од прашинести слепила – оракули на вечно живите,
Од недоглед поморта – жетва на лукави собитија
Од зборов тврд - секавица мека:
Ги сече повтор надојдените облаци на зазорените води
Ко дрвје отсечено од корен
Ко преродбата на непријателот.

Откровение на датумот на смртта
Наѕира откај бездушното минато.

Месецот на тишината
Месец е
На саѓи и нечисти сни
Во росната капка на оково – свет.

Молчете – зарем нарушувајќи ја
Ќе ја вткаете
Меѓу преѓите на безобличјето
Семоќта што не ве обзнанила
За владетели над пркоси сопствени?

Тие човекови повеви на земското
Низ мртво стење – макадами
Низ дини непроодни – вал горски
Битисуваат, но битовото ко бршлен се свило
Сал битовото ко на сопствен закоп дошло

Радоста да ја печали в туѓина,
Животот – в тела туѓи,
Еланот - в туѓи гради
Од жената на преженетиот татко.

# 3

# ВЕЧНА КАТАРЗА

(Пат до заслепувачките вистини)

## I - Судни исповеди

Пристигнав среде залезот
Таму
Минуваа напасени кози.

И реката бдееше над своето корито
Помирено со смртта на изворот
Каде диви птици плутаа
Ко погледов
Меѓу погледите грешни.

Повтор ја кренав главата
Од црвје што разјаруваше в гради
А бездушниците
Смело ја соживуваа болта
За крајот надојден со исцрпеното сонце.

Одразов
Трептејќи
Ја снајде вистината
Ко смрт одново родена.
Живот одново в мртвила
Ко дождот слиен. Ги губев.
Ни смртта ниту животот жален свет не беа!

Осамата продолжи
Со тивки
Получовечки ромонења
Го заглушуваа дождот.

Еден облак раскажуваше
За сопствените чедоморства...

Убиствените фантазии
Нагонски втеруваа в затишје
На одекот од секоја безживотна капка.

Шест солени лица
Опколен, ме загледуваа таговно;
Приказната продолжуваше:
Новороденото го отплати животот на
змијоликата мајка.

Една ѕвезда отспротива глувото сонце
Повтор ги осветли децата грешни од рожба.

Еден татко раскажуваше за загубеното дете
Мрзоволност крута
Го ништеше стишениот дух на смекнатите до
болест
Тела на роднините.

Исцелителна прокоба
Ги снајде
Низ зборот
Изворот усниве што го сонија
Кошмарен.

Со вигор го бев внел спокојството
Со кое раскажувам;
Мразот, влагата

Тишините небесни,
Сонца што промуруваат дур глетката не измамила,
Бурите над раззеленетиот океан
Совладано од мисла на светоста сопствена
Вдахнато ги издишуваа емоциите.
Душава до бескраи пустоловеше
Низ затишја на некогашните тела
Праведнички одземени
Праведно олицетворени
Од правта при трептежот на еоните.

## II – Исцеленија

Ја наѕирам оглувеаната карма
И усмртениот гениј во секого;
Ја прибирам солзата на денот чиј извор
През течението на стихов ја бистри секоја глетка
Кон милозвуците на своето зајдисонце
И благовести за умората на очајот цутен
Ко камен рид
В беспаќе упатен кон себеси.

Дните на рамноденици, долгоденици и
краткоденици
В сплетот на новодојдената реалност
Пак се будат
Пленети од прераѓањето на просторот
- Бисерно чист одраз
Бладта што ја беше внел
На насмевот од водената мисла
Бранета над ветрот
Во образите.

Ги наслушувам твоите први довици
Откај крстопатот сочинет од река и сенка на едно
прастаро врбово дрво
Што не зближи еднаш...

Ти беше сонета
Јас заблуден ловец во градината на твојата
апокалипса
Надвиена над зелениот бескрај

Во кој несудениот Творец
Ги збира плодовите на твојата плодородна алеја
Карневал на водите
Недопиено плукнати од грклaнот на твојот облак
Од чија фасада непресушно бликаат
Громови на громогласје
Пурификација на животот
Оджиеан насред мистични опколби;
Болест наджиевана од лажниот слад на животот
Те збратимува.

Вечен надвису
На смрт кревка од сеќавања
Бдееш и демнеш цивилизации
В трошните кршливи ореови лушпи
Збрани од дрвото на разделбава наша.

## III – Плодови на мрзоволноста

Тивки темнини
Темно треперење
Трепетно таење ја тишти човеколиката прашина
Во писоците на времето
Ко одседлан коњ од кочија
Во среќавање со апокалипса
Чиј одброј ко пустиник ме прогнани
Кон тебе.

Вода, воздух, оган, земја
Тишино штура што збогатува постхумно;
Писоци што одјуруваат низ бесчујноста на лица
без лика;
Планино нурната в езерото на бујната месечина;
Утрински кладенецу – појач на замисли жедни за
прeродба;
Мртви животи што ползат со хибернирачкиот
чекор на времето;
Мразу огнено ридје од ветрот в немилост што
коси -
Сејачите на флагрантната вистина
Го одобриле пристанов кон твојата нишка-
вистина
На умов неодмаглен од сенките на минатото
В блад на борба со нижата виталност
Што разискрува дур слепеам.

## IV – На мостот

Мојот глас не е друго
Освен вечно туѓо пиштење
Кога парадите на стамените надвиси
Под облаците што еднаш ја разоткрија зората
Ги препуштија на подземните монотонии
Месата кои мршојадците на животниiот блуд
Опорно ги беа дрочиле
Ко дожд од илузии,
Ко миролики колежи на невиноста.

Гласов
Различен од вечно живиот одек
На земново глувило
Никогаш ниту бил;
Раката со белезгија на просец кој владее со Твојот космос
Семоќно приоѓа кон материјалната празнотија,
Душава татни в тела
Коскениот стисок ја ослободува
Најпосле,
Кога
При изгубените самраци на светов
Минувајќи го митскиот чекор на преобразба
Те вознесов.

О, жален спијачу,
Бессон трагичару
Жалителу на прокобта
Одседлана в златното јајце на прапочетокот

Живеј !
Арлекините на осивеаните небеса
Челото ти го бранат
Ко пуст остров
Каде времето го дочекува својот почеток
- Крајот наш.
Праизбликот ја иницира повторнава преградка
Кога новите светлини
Мевлемот на твоите очи
Го вкрстуваат со усниве.

Подадената рака
Наскоро
И тебе би те воспеала
Во вечното архе на овие бранливи стихови
Би ја благословила хартијата од која потекнуваш
Каде росните детства цутат
Каде изворите не ја оплакуваат победата на смртните
Заради себе...
V - Апсолут

Потем реката…бескрајни полиња...
Вивнатиот шир на ветрот без насока
Нурнат в самиот себе
Лета до крајот на погледите.

Хоризонтите
Неспојливо се доближуваат
Во изгон на допир
Од бескрајно далечните.

Космичките танци
Ја топат груткава на срцето смртно
Низ карневалските одеци на умот
Низ пропаста и рожбата
Низ муграта негова, квечерината
Семе непро’ртено среде нивје
Со плодност што преоѓа во тебе.

О, безграничност со извор во секоја граница
Секому одредуваш патешествие во вечноста:
Во изблик на вонсетилни соништа – судбини вонтелесни
Во прегратка на радост и тага безгранична
- Бол и радост со непрестаен одраз
Од сенката на секое омеѓено огледало.

Секое обраќање
В невозврат
Заминува во каузалните бдеења
Од онаа некогашност
Што ја беше оставил неспознајна
За вековите што наѕираат низ телава.

Оние тела на божествена мирудија
Што ги нарекуваш „природи“
Те опколуваат;
Ти без најмал подвиг
Трепериш вселени.

Ѕвездената шума угоре -
Телата што ја збрале правта на спомените

Во гробовите -
Песоците на кривулестите галаксии
Капките од витражот на мултиверзумот
Ти се поклонуваат.
Не зборуваш.
Неподвижно началствува
Волјата што ја нема в умот твој. Непостоен.
Нужен апсурд вгнезден меѓу флоскулите на
вечната борба
И пацифизмот сепостоен.

Веќе
Ниту плодовите
Ко изгниените корења,
Изгорените гранки,
Пресушените лисје,
Немаат род
Ниту семе
Ниту росен плач
Да ја красат мртвата лика на сакралот
Збран,
Насаден,
Трепетно
В души.

Овде
Меѓу духот и телото
Секоја граница е привид на разногласјето
Заглушено во тишината
На сфинктерот од науката овоплотена уметност
Скриено в утринскиот изгрев

През лачот на безгрешни сетила
Облеани бесмртно чувство.
Овде
Сенилноста на зборовите пресушно го одбројува
својот век.
Таму
Овдешноста низ одеци на самородно блаженство
Е ништавило на неизговорен неимар.

# 4

# ПОМИРУВАЊА

(Мудроста на неизговорот)

## I - Архетип

Мајчински наследениот живот на орхидеја
Безмирисно го сеќаваш
Ко нектар што ја влече незрелоста
Сетена од  пчели-работници во светлосивата зора
Каде и ја оплакуваме судбината на предметите,
Каде нашата теодицеја на сеопшта вистина
Приоѓа на бессонатa фантазија
И сонот
Од каде изронува.

Молкум проаѓам низ лавиринтот истории
Каде бев сонет
Во улога на правдоносен стражар на смртните.

Некои ме нарекуваа ангел.

Откако ја сонив птицата
Со крила од морски отсјај
Сведоштвата за срцето што благотвори молкум
Го зедоа неповратот на тишиниве
Несетени...

Наскоро во новата младост бујна
Бурата на духовните блудови во Вас ме устреми
Да ве дарувам нов циклус од животот прастар;
Земајќи го горливиот здив на оној кој незнатно патува со мене
Тој пакосник на вашето надсебно бдеење

- Крајот на судбините го судам, свој.
Коњски чекори ги бележат
Ко крвјосани траги на небесата
Бистрите аурори од заклането течение.

Кладенците низ кои патувам до вас, мртви тела
В тетраморфен склад од вашите безбитни делови
Ја крадат сенкава
Ко безжуборта неусетно припиена за
недопирниве образи.

Една двоколка и четири хајоти
Патуваат до местата
Каде вечно новите тронови никнуваат.

Меркабата стаписано се огледува
Во стрелата на овие форми
Раскрилени над ќудта
Неогледно туѓа,
Неогледно своја.
Можеби и неогледно ничија.

## II – Присети на сопствената утроба

Речта која гласниците ти ја изговораат
Твојот дослух ја поими низ сила на праведноста,
На исцеление,
На водство до јаствата на животворните ливади
Каде пројурува ветрот на твоето дишење...

Светите ѕверови
Чија заштита на портите в изгор на Рајот
Те следат
Ги испраќаш по желба
Чии моќи мојов бескрај само
Како да ги вкусил засекогаш
И по Тебе.
Ми ги подаде оној кој успеа да ги украде
Кој
И самиот те беше предал
На безвкусното задгробје.

Јас, Судецот
Грешните души ги восфалувам пред олтарот
Каде надсебно бдеевме
Во милост довезена од последниот меѓу творците
Неспознајно здивеана
Во телава.

Закланото јагне
Ја вкусило крвта своја в претсмртен час
Штом ја внело сенката на твојот поглед
В мислата што семоќ му втури

Дур слепила ја забладаа честа
Во која те облеков.
Невините браќа и сестри на тој мртов ангел
Касаат, незнајни, од врелото месо
Облеано крвје
Чиј извор
Мртвите очи на черепот
Го наѕираат зад себе.

О, бедни искуства !

Душо мртва од бескрајниот живот
Проаѓаш
Заслепено
Од маските на минливите тела
Чии карики го танцуваат твојот спирален танц
А јас, вонвременски следител
Недоживеано
Ги берам плодовите
Од прониците каде животната река
Жуборно ја налева плодородната траса
Обрасната забранети миракули
Обрасната здив.

## III – Присети на животите

Единствен на светов
Мигов кој те бара в тела
На несетена припадност
Се присетувам на бескрајното минато
В наѕир на сечија иднина.

Разурнатите цивилизации
Од своето ропство блудат анархиски
В тела.

Бескрајот
Затворен кон бескрај
Намига на соблазната тишина.

Просветлениот збор
Повтор ќе изгрее од тела
Неусетно сознавајќи ја целината...

# 5

# ИЛУЗИЈА НА ДОПИРОТ

## I – Довици (презир)

Молскавица повтор ти ја милува главата
Изнурната од сопственото ништавило.

Безволевоста на бескрајов
Бестрага те праќа;
Сонуваш сни кои нови облекла ти испреле
В одѕвон на гласов заштитнички
Што ѕуни кајшто слутиш
И пригушува каде бессоно спиеш
Обесхрабрен
Во лавиринтот што го урива секој подем,
Среде цветовите на безмирисната
безбојност.

Обесхрабрен
Од познанието на иднините
В немоќ
Патам
Доживот.

Човековиот облик
В затворот на овозаемните блудови
Ѓатни до последниот здив. Предвиден.

Секоја знајност низ огледалата на физикалното
понира
- Бродолом в пустињето на краткиот век ме втера
кон запуштениот гребен

Насаден цвеќиња со недоберен полен
Суви,
Под свенатите облаци на руменилово.

Цутат и в бујаците
Долгите гранки на дрвја
Посегнати по летот на птиците.

## II – Луцидна семоќ

Се најавува
Ко потсвест
Ко вајар безрачен
За мигум да ги вообличи рефлексиите
На сонот иден,
Залелеан од ветрот
Себеси кој се милува
А ја дрочи вистината на минатото.

Влегува во претстојното бреме;
Товарот на новородената жед
Бруи над лулката на претсмртност
Копнежлива по воспев
Антипоетот со жарки сјаеви в очи
Да го опсипа вонсетилност
На ранг на нова реалност.

Во мојата стихијност
Преку свенатите опскури што ја пламенат
Кохезијата грди мисли – добродетелно
патешествие
Ги поими живите слики на несонетото
В заглав меѓу очиве
И екосистемот
Кој принудил сетилна прељуба во расколот.

Видов:
Последниот залак на погледов го голтаа
Некогаш живите

Ко што безбојноста на таа сенка
Заискри под ембрионалното белило
На платното обоено солзи.

В сните
Сеќавајќи ги
Потем опстојував насамо
Со суштата природа на подвизите.

Таа
Неподвижна
Продорот низ секоја пора го стреми
Кон Нас.

Онаа фарсична автосугестија
Од која испловуваа неподвижните слики на
вечниот пораз
Низ нови расплети на сукобените монотонии
Ја сеќаваше вистината закопана во умствениот
блуд
Од снеможените раце на мудроста
През непробудливото око на овоземните
сезналци.

## III – Слепило на мислата

Ненајавено
Збивта со поразот над јасната тишина
В непомир со себеси
В недосег на пристанот
В недостиг.

Свиоците на глетката во празнините
Ја тиштат в суровост
Дури тмурата на месечевото пленило
В опскур изветви со спомен на животи
некогашни
Ко лед истопен в горското глувило
Горско око в долина без дно.

Ко предач немо ја забива иглата од аметист
Мислата што тмурно
Го очекува крајот свој.
Платото од кое некогашните желби
Изронуваа
Го допира со својот врв
Таа
Чиј извор
Во осеката згасна со споменот.

## IV – Наврати под румениот зенит

Се најавува
Ко пролетта в отсјај на бестелесното
Вткајана со мирудиите на едни пространства
На едно грешно сеќавање за туѓите престои
Таму.

Небото илуминира
Со појавата
Задсетилно одразена;
Умот
Ехото на божествената мистика
Низетерно го впива
Ко себеси.

Оној патопис
По кој трагаат тишините туѓи
Повтор ги врежува
Одеците в душата
Безлично сечија.
Ко чувство.

**V – Будењето**

На крајот
Ихорта
Подклизна низ грлово
Ко бладот
Секоја возбуда на сонетото
Што низ восклици ја беше обдарил себеси.

Присетот на секој живот
Го бев успокоил
Со голтка божествена крв.

Блаженството на сите сни
Проникот низ тој миракул
Го беше довело до безграничјето
Што ја наследи фарсата на настаните.

Смртното срце
Никогаш не ја вивнало својата мечта за семоќ
До овдешниве безмерија.

Секој опис
Јазикот смртен
Го виори чуен
Меѓу тишините на полето
Кое корењава ги снабди животворно битие.

Ко солза
Секоја голтка
Воспева

Низ вечноста сопствена.
Ко грутка
Воздишот натежнал
Низ незаборавот
Притаен под твоето
Немо лице.

Под зенитот
Што повтор бледне
Во твоето лице
Ја прибирам в светлозрак
Горчливата вистина на самракот.
Ме морат нови довици
Чие ехо ја распостелува
Неускротната долина на споменарникот
В овој час
Одѕвонет со глувилото
На секој останат
Низ кој
Ко единствено тело продревме:
Твојата умереност
Екстремот на секој свој подвиг
Кому му ги должам сниве под шареноликото небо;
На тишината во хаосот
Опсенета од свои преобразби
Кои душава ја опчиниле туѓост
Чиј обновен живот
Веќе со јаство го преродил.

Погледите нејзини

Ко низ блад сниле
Одговор на енигмата
Одгласена низ животот
Низ расчекорот негов
Во овој свет на вечност
Што боготвори ко етер
Низ земската тишина.

Илузиите
Во виорот на тој поглед
Ја скаменуваат правта на спомент;
Духот обдарува нови надежи
Ко стремежот
На оние кон нив.

## *АНТИ-ПЛАТОНИСТИЧКАТА ПОЕЗИЈА НА СТЕФАН МАРКОВСКИ И НЕЈЗИНАТА СТИЛСКА ФИГУРА*

Марковски во својот првенец „Апеирон“[1] пишува за некој настан – „патопис низ идеалистички свет“, или за некоја личност – „суштество-бог“, што ги зема од древната историја, или од митологијата. Но, зад овие поетски режници се крие еден лирски свет со одлика на голема филозофска длабина. Според тоа, Марковски не сугерира, туку алудира на симболиката во својата поезија: на циклусите на пропаст и обновување на сите нешта. Затоа и не постои голема можност секој на свој начин да ја прими и да ја толкува, туку таа подразбира, односно бара за себе „мудар читач“. Во тој случај, Марковски е изразит анти-платонист, кој искажува големи значења во својата поезија – со разбирање. Истовремено овој поет ја потврдува Фридрих Енгелсовата констатација дека „...Таткото на трагедијата, Есхил, и таткото на комедијата, Аристофан, обајцата биле јарко изразени тенденциозни поети, ништо помалку од Данте и Сервантес... Тенденцијата сама по себе мора да произлегува од ситуацијата и од дејствието без посебно да се укажува на тоа...“

Она што ја поткрепува тенденциозноста во поезијата на Марковски е централниот мотив на кој алудира авторот – апеиронот, што овде

1. Ихорта е крв на боговите која е отровна за смртниците.

ја претставува вистината за сонот низ кој патописецот, суштество-бог, ја живее стварноста. Циклусот започнува со љубовни „довици“, преку самоубиствено испивање на ихорта[2], за да ја предзначи кармата.

Поетскиот метод на Марковски се одликува со полн израз, со богатство на сочни атрибути, со дуализми на стилско рамниште (апстракција-конкретност, мистицизам-наука, денови-ноќи, месечини-сонца, пат-безизлез, сништа-јаве), но и такви дуализми во позитивен и негативен контекст (добро-зло, љубов-омраза, светло-темно).

Марковски им робува на густи **метафори** поради што тој напати останува немоќен пред сопствената песна со мотиви од севозможни митолошки патеписи, кои се расчленети во нејасна медитација, практично губејќи се во таквата мисловна егзибиција:

*Химната на сета љубов света*
*Свето одумрена в аурората на живово затишје*
*За примракта сукобено со плачот на розиве*
*Ко бесознание на приглув трубадур*
*Одекнува низ мнението на еден слад*
*Кој спојов*
*Сетилен,*
*Неусетно втонат*
*Го дочекувал на врвот од некогашна лавја*

2. Ихорта е крв на боговите која е отровна за смртниците.

*канца*
*Невовлечна во распараниот од себе*
*Некогашен пленик на ноќта*
*Пред себе.*

Или:

*Хатор презрено*
*Ко архедемон ја кори*
*Приземјишнава илузија*
*На погледов што ме дарил,*
*Некогашен,*
*Кон од свенато трње обраснатиот макадам*
*Копита кој не допрел*
*Животи наназад,*
*До праизворот,*
*До низречја пространи низочно голи*
*Голи погледи кои свиваат низ тој вир-*
*искушение*
*-Животвор*
*Корита земјишни*
*Низ смртта вжештено кој вкрсти*
*Дента*
*Музиката на огнот штом ги полеа сетилана.*

Или:

*Со вигор го бев внел спокојството*
*Со кое раскажувам;*
*Мразот, влагата*
*Тишините небесни,*

*Сонца што projуруваат дур глеткатa не измамила,*
*Бурите над раззеленетиот океан*
*- Совладано од мисла на светоста сопствена*
*Вдахнато ги издишуваа емоцииве.*
*Душава до бескраи пустоловеше*
*Низ затишjа на некогашните тела*
*Праведнички одземени*
*Праведно олицетворени*
*Од правта при трептежот на еоните.*

**Компарациите** во „Апеирон“ се извонредно поетски, неисфорсирани и многу логични:

*Ко дни надречни стрмолеат*
*Ко клисури издлабени в ноќта*
*Го наѕираат овоземјето*
*Будно*

Или:

*Ти и jас*
*Ко ожесточени надсебни бдеjачи*
*Судиме на Творецот*

Или:

*Одразов*
*Трептеjќи*
*Jа снаjде вистината*
*Ко смрт одново родена.*

**Контрасти** има многу и убави:

*Од небеса – темјан црни длабини*
*Од прашинести слепила – оракули на вечно живите,*
*Од недоглед поморна – жетва на лукави собитија*
*Од зборов тврд - секавица мека*

**Метафорична персонификација:**

*Еден облак раскажуваше*
*За сопствените чедоморства*

Прекрасни примери за **прашални фигури** исто така наоѓаме:

*Чистилишта на ум и совест непречистиви*
*Од свест ентелехиска проколнати*
*Од разум и битие осквернати?*

**Хиперболи:**
*Ти без најмал подвиг*
*Трепериш вселени.*

Или:

*Цутат и в бујаците*
*Долгите гранки на дрвја*
*Посегнати по летот на птиците.*

Со ова издание името и поезијата на овој автор

ќе бидат познати за поширокатa јавност, која ќе мора да ја признае поетичноста на неговата метафора и да го вброи сосема објективно во редот на најзначајните млади македонски поети. Но, треба да се има и предвид дека Марковски ја живее втората деценија од својот живот, според тоа, тој и понатаму ќе експериментира во пишувањето песни. Патот до мајсторството на неговата Уметност е голготест, ако смеам така да се изразам, но го советувам мојот современик како големиот Флорентинец: „Врви си по патот, а тие нека си зборуваат што сакаат!“

*Томислав Захов*